*ЕКСКЛУЗИВНО*

# Носталгија наместо идеологија

***„Комуникација: искуство на интеракција" беше насловот на 2-та годишна изложба на Сорос центарот за современа уметност, која се одржа од 22 до 28 септември 2000, во Алмати, Казахстан***

Како што ми беше речено, оваа изложба претставува најголем културен настан во регионот на Централна Азија. За мене тоа беше убава можност да се запознаам со достигнувањата во уметноста на оваа земја, за која со сигурност се тврди дека била една од

"најзатворените" републики на бившиот Советски Сојуз.

Основните насоки на изложбата: видео - медија - фотоарт беа следени од 60-тината уметници од различни земји од Источна и Централна Европа и Азија. Се разбира, најголем простор и награди им беа отстапени на домашните автори. На прв поглед, извесен број дела ми се чинеа "познати". Но, како што веќе споменав, се работи за регион во кој во минатото многу тешко (или воопшто не) пристигнувале какви било информации за уметноста. Во вакви услови, процесот на созревање, откривање и креирање уметнички дела нужно останува во рамките на маргиналното и заостанува зад глобалните случувања. Следствено на тоа, не останува простор за критикување на сите можни паралели и препознавања.

И покрај нагласената употреба на "новите медиуми", во изложените проекти, пред сè инсталации, најмногу се чувствуваше индивидуалната емотивност, иако беа застапени различни видови пристап и експресија. Тоа беше наспроти очекувањата да се видат дела исполнети со бес и револт насочен против сè, вклучувајќи ја и идеологијата, кои се секогаш атрактивни за западната уметност и ликовна критика, која очекува насекаде да најде фрустрации.

Првата група дела (од казахстански уметници) изобилува со фолклорно-рурални елементи, легенди и обичаи, доживеани исклучиво емотивно, кои во денешен контекст добиваат религиозна метафоричност. Иако, по малку, некои од овие дела се приклонуваа кон кич, сепак тоа беа интересни примери за периодот на приспособување во урбаната средина или, поточно речено, во обратна насока - враќање кон корените. За раскажување на приказните, често сурови (обичаи за губење на невиноста, казнување...), направени се комбинации од современата технологија - ТВ, видео, фотографија, и тактилно-симболички материјали - земја, камен, дрво, волна... Тоа е вид соживување со себеси и опкружението, сегашно - минато и со значењето на традицијата. ("Shimildik", Гаухар Киекбаева; "Пол Пот", Ербосин Малдибеков; "Asian Route", Абликим Акумлаев и Зита Султанбаева; и други, сите од Казахстан).

Во другата група проекти најприсутни беа личните исповеди и соништа ("The hidden aspects of my caracter" / „Скриените аспекти на мојот карактер", Алмагул Мелибаева - Казахстан), туѓите соништа ("Mamur's dream" / „Сонот на Мамур", Галим Маданов - Казахстан), доживувања, фантазии ("Reading the clauds" /„Читање на облаците", Славица Јанешлиева - Македонија), желби, пораки ("Don't look back with anger" / „Не гледај назад со гнев", Елена Панајотова - Бугарија). Можеби, затоа што овие проекти беа проткаени со исклучителна индивидуалност, се доживуваа најсилно од сите. Најпредизвикувачки за публиката беа духовитите екстра кратки филмови (extra short films – ESF) на Кинотеатарот "Новосибирск", со луцидниот приказ на секојдневието. Тука мора да ставам една забелешка: иако ги поделив проектите на групи, сепак, не беше можно да се направи строга дистинкција во поглед на идеите, бидејќи во повеќето проекти беа испреплетени повеќе аспекти - личноста, традицијата, социјалниот и понекогаш политичкиот аспект.



Помалку интересни беа проектите што инсистираа исклучиво врз компјутерски имици, текстуални и звучни записи, фотографии. Тие, наводно, требаше да презентираат некоја актуелност во поглед на најновите достигнувања, но притоа само ги рекламираа овие медиуми.

Од целата манифестација (изложби, семинари, дискусии), јасно воочлива беше намерата на организаторот да се информираат посетителите за развојот на современата казахстанска уметност, на уметноста во другите земји и да се пронајдат нови начини за комуникација со светот. Инаку, современата уметност во Казахстан посериозно се развива само десеттина години и процесот на интеграција со светските уметнички текови во минатото бил многу бавен, речиси никаков. Но, некои интересни проекти фрлаат нова светлина врз овој процес - во нив е очигледна многу скромната (а, сепак присутна) свежина на остварувањата. Целта на ова случување - комуникацијата беше постигната. Според тоа, на казахстанските уметници за во иднина не им останува простор за изговори од типот на „неинформираност", туку, со оглед на своите можности, тие ќе мора посериозно да се нафатат на неизбежното вклучување во глобализацијата.



Маја ЧАНКУЛОВСКА